Република Македонија
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

MQS
Partner of Quality Austria

ул.Даме Груев бр.1, 1000 СКОПЈЕ факс: 02/ 32 15 380 тел: 02/ 32 15 377 E-mail: dksk@dksk.org.mk

Бр. 12-704/2

15-02-2018 2018 година

Скопје

Здружение
ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
Скопје

| ПРИМЕНО: | 21.02.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 0302 | 046 | 1 | 1 |

**ДО**
**ЗДРУЖЕНИЕТО ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА**
Ул. „ Наум Наумовски-Борче" бр.58
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ :** Известување

Почитувани,

Во врска со вашата пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата во која изразувате сомневање за користење на буџетски средства за финансирање на изборна и друга политичка активност од страна на политичката партија Демократска унија за интеграција (ДУИ) и кршење на одредбите од Законот за финансирање на политичките партии и одредбите од Законот за спречување на корупцијата, Ве известуваме за следното:

Државната комисија за спречување на корупцијата со должно внимание ги разгледа наводите содржани во пријавата, како и приложената документација, така што заради проверка на наводите содржани во пријавата и утврдување фактичка состојба во предметниот случај, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и одредбите од Упатството за соработка на органите на државната управа, јавните претпријатија, јавните установи и други правни лица што располагаат со државен капитал со Државната комисија за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.81/04 и 135/06), побара и доби информации, податоци и писмена документација од АД „Македонска пошта" Скопје, АД " Аеродроми на Македонија" Скопје, ЈП „ Македонски железници-инфраструктура" Скопје, Министерството за финансии-Сектор за трезор и од Државниот завод за ревизија.

По разгледување и анализа на добиените информации и податоци, како и разгледување и анализа на прибраната писмена документација, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека од фактичката состојба произлегуваат факти и околности кои упатуваат дека сомневањата изнесени во

пријавата се основани. Имено, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека од прибраната документација произлегуваат факти и околности за кршење на одредбите од Законот за финансирање на политичките партии и Законот за спречување на корупцијата и користење на буџетски средства, средства од јавни фондови и средства од јавни претпријатија за финансирање на изборна активност, односно друга политика активност.

Поради ваквата фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи согласно со член 12 став 2 од Законот за спречување на корупцијата писмено да го извести Јавното обвинителство на Република Македонија, отстапувајќи му ја целокупната писмена документација заради превземање на активности во рамките на неговите законски надлежности.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**д-р Игор Тантуровски**